# ЕКОЛОШКА ЕТИКА -
# ДОБЛЕСТ ИЛИ ПОТРЕБА ЗА ОПСТАНОК

Во современото доба се појавија голем број цивилизациски болести. Една од мошне сериозните е моралната криза, од која посебно ги издвојуваме прашањата кои се однесуваат на целината и здравјето на Природата која е нагризена од лошиот вид човеково дејствување во неа и врз неа.

Имено, по Втората светска војна во современиот човек растеше увереноста за неговата неограничена моќ. Во техниката такви знаци беа сателитите, стапнувањето на првиот човек на Месечината, летот на Марс и развојот на атомското наоружување. Во науката човекот непрекинато ја развиваше својата моќ. Иако знаењето му помогна на човекот да го разбере светот во кој живее - онака како што бараше модерната цивилизација од Френсис Бекон наваму - не се наголеми човековата природна моќ во согласувањето со природата. Се постави прашањето: дали се она што технички е изводливо е и морално допустливо? Заедно со новите и големи откритија во науката истовремено не се зголеми и хуманоста. Парите се повеќе влијаат врз целокупниот човечки живот, па и врз ориентацијата и содржината на научните откритија. Во тој судир меѓу економските, политичките и научните интереси, секогаш губи науката - таа е ставена на обвинителна клупа, на пример, за атомската бомба, за катастрофата во Чернобил, за уништувањето на џунглите, за ефектот на стаклената градина и за озонските дупки... Развојот на науката денес зависи од програмите на владите, а не од непознатите прашања со кои се сретнуваат научниците денес како општочовечки, духовни прашања. Така, науката стана каприциозен и нестабилен сојузник на политичките промисли.

Едновремено, кон крајот на 1960-тите и на почетокот на 1970-тите години се појавија првите предупредувачки знаци од севкупниот развој кој, како пандан, бараше зголемен ангажман на човечката етика. Тоа беше особено поттикнато со загадувањето на човековата средина и со опасностите од тоа загадување. Современиот моќник станува се повеќе свесен на тоа дека може да го разори чамецот во кој плови, куќата во која живее. Очигледно е дека во задницата на моралната криза е односот на современиот човек спрема темелните вредности кои избледеле. Вреднувајќи, ние повторно го создаваме светот. Но тоа создавање, како што видовме во изминатиот

период, лесно може да се претвори во насилство над светот. Современата еколошка криза е предизвикана токму од ваквите чекори...

Сето ова говори за потребата од етиката како критериум за одвојување на резултатите на научните истражувања од општествените регулации на нивните употреби. Тоа не води во две насоки - кон насоката на етичноста на научникот и кон етичноста на оној кој ја проценува опасноста на неговите резултати. Во првиот случај се работи за степенот на одговорноста на научникот за примената на научните откритија. Како што вели физичарот **Карл фон Вајцсекер**: "*Степенот на моралната зрелост на научниците се мери според продуктивната одговорност за последиците од нивните сознанија што тие практично ја преземаат*". Второто е расправа за тоа дали и колкаво е политичкото влијание и интерес на одредените социјални структури за научните знаења. Затоа и овде е потребна и се повикува на помош етиката кај поединецот - научник, етиката на неговата професија, како и општествената етика. Како да се спојат резултатите од напорите на овие три етики во едно и какви активности треба да се преземат за да имаме сигурна сегашност и уште подобра иднина за следните генерации? Дали е можно да го постигнеме ова? Во таа смисла, потребно да се прифати новата улога на практичната философија, т.е. етиката, Аристотеловото истакнување на важноста на практичната философија за човекот која е многу поважна од здобивањето на знаења. Се работи за етичко-политичкото дејствување на човекот. Во тој контекст, потребата од моралот, нужноста да се суди и од етичка гледна точка ја донесе преродбата и подемот на етиката денес. Без етика веќе не се може. Сите треба да мислат и дејствуваат ангажирано - Секој има право да го крене својот глас против лошите решенија и својот ум да го употреби за пронаоѓање на подобри животни патишта. Од секого се бара да биде свесен за својата одговорност и да ги извршува своите и општите должности. Тоа е впрочем и новината кај моралот денес. Како што потенцира шпанскиот научник Фредерико Мајор од УНЕСКО, треба да се гради етика согласно принципот на реалноста на општата слобода. Затоа разбирањето треба да биде прв камен на етичката градба. Треба да се разберат што се луѓето и нивните заедници, посебно каква е улогата на Природата за животот на човекот и што и прави човекот на Природата, какви се потенцијалите на луѓето за добро и за лошо дејствување... Ваквата промена во потребата и смислата на етиката доведе и до развој на новите етички области и видови - од кои за етиката од особено значење како форма и метод, како збир од вредности и норми, е еколошката етика, човековото однесување спрема природата.

Иако човекот е природно суштество, до денешнава ера тој не размислувал многу етички за Природата, во која почнаа да се чувствуваат последиците од безмерното трошење на ресурсите, од масовната индустријализација и од неконтролираното загадување. Зголемено искористувањето на ресурсите на Земјата, исцрпување на природните потенцијали, енормното трошење на големи количества енергија, зголемената вкупна температура, расипувањето на климата и појавата на лоши климатски пројави, неумереното користење на кислородот и на водата, нерационалното сечење на големи површини шума, фрлањето ѓубре насекаде..., се се тоа недела на човекот. Животот стана потежок за живеење, прашањето на опстанокот почна да виси над секоја глава. Дејствувањето и негативните последици од човечките нерационални и лоши постапки доведоа до тоа денес да се бара етичко освестување и согледување на човечкото дејствување во една целина, со визија за опстанокот. Оттука се поставуаат две прашања. **Првото прашање** е дали за разрешување на овој проблем ни е потребна една научна стратегија постулирана врз основите на екологијата како наука за животната средина и преточена во општествена и политичка одлука или ни е потребна една нова етика за животната средина, која ќе биде основа како за научната стратегија, така и за биополитиката, т.е. прашањето дали еден од клучните предизвици на новото време може да се реши прагматски или ни е потребна една генерална етичка и философско-религиска преориентација, премин од антропоцентричката етика, религија и философија кон екоцентричката? **Второто прашање** се однесува на тоа дали природата и заштитата на животната средина не интересираат само инструментално или сметаме дека дека природата има интринсична вредност, дека таа би постоела и без човекот, дури тој и да исчезне?[1] Одговорот на двете прашања се крие во фактите кои говорат за нашето дејствување во последниве 80-тина години. Но, кои се тие факти?

1) Имено, досега имавме традиционални религиски, философски, етички антропоцентрички учења, од кои некои се стари две и повеќе илјади години, а сепак до денес тие не го запреле, не само екоцидот, туку и хомоцидот, етноцидот, како ни војните.

2) Во изминатите 80-тина години се говореше само за доминантната западна традиција, според која Бог на луѓето има дал власт над природниот свет и дека не е неопходна грижа како луѓето ќе постапуваат во природата. Човечките суштества се единствени морално важни припадници на овој свет. Самата природа нема вредност по себе, а

[1] Piter Singer, *Prakticna etika*, Beograd, 2000, str. 270-290.

уништувањето на растенијата и на животните не може да биде грешно доколку со тоа не се нанесува штета на човечките суштества[2].

3) До минатиот век човештвото имаше спознаено само две форми на етиката: егоцентрична и хомоцентрична форма, кои говореа за доминацијата на човекот над се, т.е. во својата основа тие беа антропоцентрични гледишта. Со оглед на сите негативни дејствија кои луѓето ги преземаа во однос на животната средина, овие две форми на антропоцентризмот денес не се повеќе доволни за исправање на големите последици.

Експанзијата на научноста и на техниката, а со тоа и поврзаното потенцирање на човековата моќ, не само што предизвикаа длабоки промени во природата, туку родија и апел за промена на човечката свест, на неговите темелни ставови спрема светот и иднината и спрема сопствената одговорност. Сржта на тие барања е да се создаде свест за моралната одговорност спрема природата. Излезот мора да биде во генералната преориентација на погледот на светот и на придружните акции, т.е. создавањето на еколошка етика, што би требало да води кон целосна замена на антропоцентризмот со екоцентризам, а не само вид надополнување на етичките сознанија и дејности на човекот. Во таа смисла денес се конфронтираат антропоцентризмот и биоцентризмот во екоетиката. Биоцентричката теза бара став кој премин од естетичката кон онтолошката вредност на природата, која таа ја признава и високо ја вреднува. На место мислењето дека природата е само средство за задоволување на човечките интереси треба да стапи идејата и моделот на кооперација. Човекот треба на овој начин да ја земе предвид природата, со што би дораснал и до нејзините цели. Впрочем, човекот е суштество на заедница, упатен е кон другите. Еколошката криза не присилува да погледнеме и во човечкото заедништво. Затоа денес толку многу човештвото се повикува на т.н. **еколошка етика**. Овој повик за застапување и дејствување според екоетиката е предизвикан и поддржан од низа случувања, од низа клучни настани за развојот на еколошките сознанија и на соодветната етика концентрирани во 70-ттите години на минатиот век, кога се раѓаше оваа еколошка нужност. Имено, 22 април, Денот на Земјата (прогласен од ООН), е врзан за 1970 година, кога сенаторот Гејлорд Нелсон поттикнал демонстрации во САД со цел еколошките проблеми трајно да се вклучат во листата на политички теми на национално ниво. Во 1973 година Швеѓанецот Арне Нес се јавува со идејата дека дотогашната *екологија* мора да се продлабочи, при што ја критикува работата на оние еколози чија дејност се сведува само на квантификација на

[2] Piter Singer, *Prakticna etika*, Beograd, 2000, str. 270-290.

еколошките тенденции и штети и инсистира на важно надополнување на екологијата, т.е. на развивање на чувството на единство со природното опкружување. Во оваа смисла длабинската екологија понекогаш се нарекува и **екософија**, затоа што претендира на тоа во луѓето да се развие мудрост во чие средиште ќе биде односот спрема животната средина, т.е. некој вид философија на еколошката свест. Шест години подоцна, во САД, хемичарот Џејмс Левлок и биологот Лин Маргулис излегуваат со хипотезата за Геа, според која целата планета Земја може да се посматра како еден целовит организам, што произлегува како од биолошките интеракции на живиот свет, така и од интеракциите на живиот свет со Земјата. Нивната хипотеза сугерира дека традиционалната остра поделба на жив и нежив свет, од еколошки агол, е премногу крута и проста.

Сето ова иницира денес да се говори за еколошката етика, која се развива напоредно со деградирањето на човековата средина и на животните услови за другите живи суштества. Обратно пропорционално од опаѓањето на условите за живеење се буди и расте свеста за значењето на добрите услови за вистински живот. Тоа најдобро се гледа во исказот: "*Сите се жртви и сите се виновни*". Основно прашање е како да се спаси Природата ако тоа спасување не стане дел од етичките вредности на сите, ако за тоа не дадат придонес сите, ако во целост не го разгледуваме нашето дејствување? Затоа ни е потреба една етика која ќе произлезе од длабокото почитување на животот, на кое повикуваа Алберт Швајцер и Пол Тејлор, и која ќе ја избрише линијата на старата етика за животната средина, која ја повлекува и со тоа ја затвора сферата на моралното дејствување само на оние суштества кои се способни да чувствуваат, а надвор од тој круг ги остава сите други суштества. Затоа се поставува прашањето дали е можно да се направи раскинување со традиционалната позиција и да се создаде еколошка етика која ќе ја прифати интринсичната вредност на се она што ќе влезе во еден поширок круг на морално дејствување. Главните патокази на една вистинска етика на животната средина велат дека во самата нејзина основа еколошката етика треба да изгради уважување спрема сите суштества што чувствуваат, вклучувајќи ги и идните генерации. Неа треба да ја следи една естетика на почитување спрема дивата и нерасипана природа. Оваа етика треба да се залага за мали семејства и треба да го отфрли идеалот на материјалистичкото општество во кое успехот е мери со бројот на собраните пари и со предметите кои се поседуваат. Оваа нова етика треба да ја промовира умереноста, која би придонела за смалување на загадувањето и за повеќекратно користење на она што е употребено. Кон тоа не водат и "зелените

потрошувачи", кои апелираат за рециклирање и купување на оние производи кои не ја загадуваат природата. Мораме да го редефинираме нашиот поим за екстраваганција и да повикаме за национална солидарност наспроти видливите непосредни опасности.

Биоетиката и еколошката етика ги разбудуваат луѓето да престанат да се однесуваат деструктивно и ги потсетуваат да почнат да прават корисни нешта за себе и за својата животна средина. Тоа се сознанијата на екологијата и пораките на еколошката етика кои спаѓаат меѓу најважните елементи на новата биоетичка свест и однесување на човекот, а генерално меѓу најзначајните современи биолошки, антрополошки, политички и етички прашања. Еколошка етика како морално учење поттикнато од екософските и еколошките сознанија за вредноста на елементите на човечкиот живот што него го опкружуваат и му се важни, за условите на живеењето и за нивното благородно чување и унапредување, чија цел е вкупно подобрување на човечкиот опстанок на Земјата. Еколошката етика е поттик за одговорноста на луѓето спрема природата и спрема условите на своето живеење. Со разгледувањето на прашањата на еколошката етика се постави и најв珍ното прашање за носителот на одговорноста. Човечкото дејствување би го направиле невозможно ако само на поединецот му се определи неограничената одговорност. Одговорноста спрема Природата и животната средина се однесува и на човештвото во целина. Потребен е целосен став кон природата, а потоа доследно е нужна и една целосна еколошка етика[3]. Еколошката етика мора да појде од овој факт, да ја претпостави свеста за целината. Таа мора да понуди рамки кои уредуваат инструменталниот ум да не се изроди во чист не-ум. Тоа значи дека во доработката на една идна еколошка етика треба да се вклопат сите релевантни духовно-познавателни и социјално-научни чинители на човечкото, особено на техничкото дејствување.

Станува збор, значи, за една нова етика, не само според содржината, туку и според суштината. Тоа е најострата етика досега во човештвото, со општа добра мисла, со ригидна одговорност, со апсолутна идеја за неповредување на другите и со крајна свесност за универзалноста на последиците од постапувањето.

Ескапизмот во денешно време на еколошка криза не е одмерено решение. За да се справи со еколошките проблеми човекот има само две делотворни средства: тоа се умот и моралот како негови основни елементи и сили. Тој нив може и мора да ги

[3] Кирил Темков, *Етиката денес*, Скопје, 1999.

ангажира за да ги сознае своите тешкотии и за да најде пат по кој исправно ќе оди. Ова е едно од неколкуте клучни човечки преиспитувања во историјата. Затоа ни е потребен повик кон интегративно мислење. Еколошката криза која е дојдена не присилува во светлината на моралната одговорност да ги промислиме своите дејствувања, затоа што со претпоставката на свеста границата на човечките можности за овладување со природата ќе биде можна, а еколошката свест може да стане составен дел на добриот живот и дејствување, т.е. на етиката. Респектирањето на овие граници доведува и до она што како луѓе всушност и сме.

При тоа, основното што треба да се сознае кај проблемот на еколошката етика е дека во конкретниот случај со еколошката криза како сегмент од живеењето не станува збор за загадување, туку за уништување. Тоа не е последица пред се од промените на условите на животот, туку е резултат на човековата негрижа и на дејствата кои ги менуваат благопријатните услови на човековото живеење и опстанок. Затоа, еколошката етика треба да биде поттик за реконструкција на типот на живеење и на постапување. Ја истакнавме причинско-последичната форма, која е универзална: "Секој е жртва, но и причина за пропаѓањето". Тоа условува и бара нови начини на дејствување на човекот: негов реалистичен однос, свесност за условите и за потенцијалите на животот, внимателно користење на ресурсите, изградба на висок етички став, засакување на животот воопшто, појава на доброходност кон себеси и кон сите луѓе, избегнување на лошите и на уништувачките дејства и надградба на добрата намера и постапка. Сето тоа бара и во индивидуална и во социјална смисла, длабоко размислување и вистинска одговорност на луѓето за постапките. Значи, суштината на еколошката етика треба да биде изразена во тоа дека индивидуалното и социјалното се едно, дека тие меѓусебно се условуваат и поттикнуваат, дека во својот живот човекот треба да има проспективно однесување, т.е. визија и свест за иднината. Оттука, целите, вредностите, нормите и методите на еколошката етика треба да бидат насочени кон обезбедување на условите за слободен опстанок на човекот како индивидуа и вид. Тие се однесуваат на чистотата на телесното и на духовното живеење, на чувањето и на подобрувањето на животната средина и на условите за природен живот на сите суштества. Така еколошката етика, следејќи ги сознанијата на екологијата, нив ги внесува во моралниот систем на човекот, очекувајќи негово позитивно дејствување. Со прочистувањето и унапредувањето на сиот човечки простор и живеачка треба да им ги предадеме на идните поколенија планетата и природата барем во слична состојба во

која сме ги нашле, за нашите потомци да имаат шанса за живот и за творештво. Тоа е големата цел на еколошката етика.

Генерално, бидејќи човекот, како израз на целината, има влијание врз животот, во него не може да се роди чувство за одговорност за сопствената околина се додека не сфати дека е дел од природата. Рангот на оваа одговорност најпрво треба да се одреди негативно, и тоа во начинот на респектирање на одредени граници на сопственото техничко дејствување и материјално располагање. Под ова негативно ограничување на техничко-рационалниот однос спрема природата се крие и нужноста од позитивното ограничување: повик - **да се биде**. Тој став се нарекува ставопочитување пред животот. Еколошката етика мора да појде од фактот на човечката свест: "Јас сум живот кој сака да живее, опфатен од животот кој сака да живее". Принципот на стравопочитување пред целината на стварноста и животот денес меѓу етичарите се поставува како етика на дискурсот или на консензусот. Ние во тој процес апелираме на универзална иднина. Како што вели Хераклит: "Будните имаат еден и заеднички свет".

Ако задачата на философијата е во се да ја зачува свеста за целината, тогаш таа мора да ја шири, соединува и усмерува мислата во љубовта спрема мудроста кон успешниот, добриот живот. Таа треба да повикува во свеста дека човечката цел не е никако лошото живеење, дури ниту самото живеење, туку доброто живеење - како што потсетуваше Сократ. Философијата не сме да дозволи разочарување во тоа. Еколошката етика е нов придонес на философијата кон подоброто човечко дејствување и живеење за иднина.